Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

# З А П И С Н И К
## од Двесте и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2023 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:50 часот.

Со седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата учествуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за водените разговори со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за време на мисијата за првиот и вториот преглед на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL), со текст на Известување

2. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансирање на микроземјоделски производители на вино и алкохолни пијалаци за 2023 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*
*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за водените разговори со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за време на мисијата за првиот и вториот преглед на кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL), со текст на Известување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL).

2. Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија да го потпишат Известувањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за исполнувањето на условите од првиот и вториот преглед од кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line-PLL) и да побараат користење на 85% од квотата или 119,26 милиони специјални

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на микроземјоделски производители на вино и алкохолни пијалаци за 2023 година.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

Точка 4

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**